Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (Службен весник на Р.М бр. 27/2014; 199/2014; 48/2015; 154/2015; 5/2016; 142/2016 11/2018; 275/2019; 14/2020; 215/2021, 99/2022 и 208/2024), в.д. Директор на ДМУ „Тодор Скаловски-Тетоец" – Тетово на ден 16.12.2025 ја донесе следнава:

Државно музичко училиште - Shkolla shteterore e muzikes
"ТОДОР СКАЛОВСКИ ТЕТОЕЦ"-"TODOR SKALOVSKI-TETOEC"
Република Северна Македонија Republika e Maqedonise se Veriut
Бр. / Nr. 02-1267/1
16. 12 2025 год./viti
ТЕТОВО - TETOVE

# ОДЛУКА

За избор на кандидат по јавен оглас бр.798/2025 за вработување на административен службеник

1. За 1 (еден) извршител на работно место со шифра ОБН 01 02 В01 001 - Советник за општи и нормативно правни работи - Секретар, Одделение за нормативно-правни работи, човечки ресурси и општи работи, (1) извршител во ДМУ „Тодор Скаловски-Тетоец" - Тетово се избира кандидатот Евица Крстеска Јованоска со идентификациски код BF95D3B.
2. Именуваниот кандидат за работното место од точка 1 на оваа Одлука се именува по конечноста на одлуката, за што ќе се донесе посебно Решение за вработување односно ќе се склучи Договор за вработување на неопределено време.
3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување и истата се објавува на интернет страницата и огласната табла на Агенција за Администрација.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 17.07.2025 година на интернет страницата на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Нова Македонија“, „Слободен Печат“ и „Коха" е објавен јавен оглас со бр. 798/20225 за вработување на 1 (еден) административен службеник во ДМУ „Тодор Скаловски-Тетоец" – Тетово за работно место ОБН 01 02 В01 001 - Советник за општи и нормативно правни работи- Секретар, Одделение за нормативно-правни работи, човечки ресурси и општи работи.

Комисијата за административна селекција формирана од Агенцијата за Администрација ги спроведе сите фази на селекцијата согласно законот за Административни службеници со број 10-1433/18 од 15.12.2025 година. Од страна на Агенцијата за администрација е формирана комисија за селекција на кандидатите за вработување по јавен оглас, и Решение за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас со број 10-1433/7 од 24.07.2025 година, која ја спроведе постапката за селекција за вработување на административен службеник согласно Законот за административни службеници.

По спроведената постапка Комисијата изготви Записник од извршената селекција за административен службеник со број 10-1433/8 од 07.08.2025 година, Решение за именување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас со број 10-1433/13 од 17.11.2025 како и Записникот од спроведен испит за административен службеник со број 10-1433/16 од 05.12.2025 година, како и Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр. 10-1433/17 од 11.12.2025 година.

Врз основа на резултатие од сите фази на селекција изготвена е кононечна ранг листа на кандидати по Јавен оглас бр. 798/2025, објавена на страната на Агенцијата за Администрација и Предлогот од Агенцијата за Администрација за вработување на кандидати број 10-1433/19 од 15.12.2025 година в.д. Директор на ДМУ „Тодор Скаловски-Тетоец" - Тетово донесе одлука како во диспозитивот.

Упаство за правно средство: Против одлуката за избор, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страната и огласната табла на Агеницјата за администрација.

Доставено до:

- Именуваниот кандидат
- Архива
- Агенција за Администрација
- Одделение за човечки ресурси

Датум: в.д. Директор:

16.12.2025 година